**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА**

**за период од 2026 до 2028 година**




Април, 2026

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Св. Климент Охридски“ |
| Адреса | „Димче Лахчански“ бб., Битола |
| Телефон, е-пошта | 047/255737 ouklimentbt@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Април 2026 |
| Број на ученици во училиштето | 1046 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Предраг Созовски |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Билјана Ѓоргиевска |
| Потпис | |
| Датум | 8.5.2026 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Вонннаставни активности и натпревари** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Најголем дел од наставниците се согласуваат дека добиваат навремена обука, а мал дел не се согласуваат.<br>Сите наставниции сметаат дека директорот и стручната служба ги следат планирањата најмалку два пати во полугодието<br>Мал дел од наставниците не се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирања, што укажува на потреба од зголемена поддршка.<br>Сите наставници сметаат дека директорот и стручната служба ги следат планирањата најмалку два пати во полугодието. |

| | | |
|---|---|---|
| директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања. | Размена на искуства и на информации при планирањето | Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Најголем број од наставниците сметаат дека најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи. Само многу мал дел не се согласуваат со ова тврдење, што укажува на добра пракса на колаборативно планирање. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, | Реализација на наставни планови и програми | Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот се согласуваат дека нивното дете ги има сите наставни часови согласно распоредот. Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. |
| | Избор на наставни предмети | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Голем дел од испитаниците родители 86% од родителите се согласуваат сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците. Дел од учениците целосно се согласуваат дека сами ги избрале изборните предмети, што укажува на одредени ограничувања во слободниот избор. Мал дел од учениците не се согласуваат дека слободно ги избрале изборните предмети, што е значителен процент. |

| | | |
|---|---|---|
| стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | Избор на задачи, активности и на ресурси | Најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, со што се согласуваат и родителите на учениците.. Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби<br>Најголем дел од родителите се согласуваат, но само мал дел не се согласуваат дека наставниците ги прилагодуваат задачите на индивидуалните потреби.<br>Најголем дел од учениците се согласуваат за користење различни материјали. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Поголем дел наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Поголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На поголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. (89% од наставниците целосно се согласуваат дека се однесуваат со почитување кон учениците. Голем дел од наставниците целосно се согласуваат дека учениците честопати работат интерактивно. 86% од наставниците целосно се согласуваат дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања.)<br>Мал број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите, а со тоа се согласуваат и нивните родители, но од друга страна сметаат дека треба да се дополнуваат иновативните методи за часовите на учениците да им се повеќе интересни. Мал број од учениците сметаат дека се активно вклучени во наставата при поставување на прашања, работа во групи или дискусија (20% од учениците не се согласуваат дека можат слободно да кажат што мислат на часовите, а 23% не се согласуваат дека се активно вклучени во наставата), што укажува на разлика во перцепцијата помеѓу наставниците и учениците.<br>Поголем дел од родителите (81%)се согласуваат дека нивното дете слободно може да се изрази, само мал дел не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Поголем број од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите во голема мета се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот.. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план. Кај учениците,поголем број ученици се согласуваат дека биле вклучени во активности со ученици од други култури, но помал број целосно не се согласуваат. Родителите мал број сметаат дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици (додека добар дел не се согласуваат, а најмал број родители немаат информација). |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење, но со тоа не се согласуваат родителите кои во мал број сметаат дека училиштето им обезбедува пристап до различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. За време на часовите, поголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Дека наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците голем дел од родителите се согласуваат дека училиштето е мотивирачка средина, но мал дел не се согласува. Голем дел од учениците целосно се согласуваат дека наставниците ја прават содржината интересна, но мал дел само не се согласуваат).<br>Мал дел од родителите целосно се согласуваат дека училиштето е безбедна средина, но малку повеќе родители не се согласуваат.<br>Пристапот до материјали за учење е области за подобрување: само мал дел од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете има пристап до различни материјали, а исто толку не се согласуваат и немаат информација. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. |

| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка | Училишна политика за оценување | Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците но со нив согласно резултатите од анкетите не доволно запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување(79% од наставниците целосно се согласуваат дека ги запознаваат учениците со критериумите за секоја оценка. 86% целосно се согласуваат дека им даваат насоки за поуспешно учење).Мал број од учениците сметаат дека добиваат јасни насоки од страна на наставниците во поглед на тоа што треба да учат за секоја оценка и притоа не се согласуваат дека оценувањето е праведно. Само третина од учениците целосно се согласуваат дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оценка, додека помал дел не се согласуваат. Вкупно третина од учениците не се согласуваат дека оценувањето е праведно Голем дел од родителите од родителите целосно се согласуваат дека наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување, а мал дел од родителите не се согласуваа . |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба<br>Голем дел 86% од наставниците целосно се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување. Голем дел 64% целосно ги вклучуваат учениците во оценувањето.<br>Голем дел 59% од учениците целосно се согласуваат дека наставниците користат различни начини за проверка на знаењата (тестови, усна проверка, наставни листови).<br>Голем дел 78% од учениците се согласуваат дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оценка. |
| | **Коефициент на континуитет на успехот на учениците** | Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>Голем дел 86% од наставниците целосно се согласуваат дека на учениците им кажуваат што добро научиле и што треба дополнително да научат. Голем дел 78% од учениците се согласуваат дека редовно се известувани за постигнувањата.Голем дел 91% од родителите се согласуваат дека се редовно известени за постигнувањата на детето. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, но со оглед на резултатите не се доволно јасни и презентирани пред учениците. Голем дел од родителите целосно се согласуваат дека училиштето нуди различни воннаставни активности. Голем дел од учениците се согласуваат дека имаат избор на различни воннаставни активности. |
| | **Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности (провери)** | Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Мал број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат мал број на воннаставни активности предложени од учениците. Учениците сметат дека не се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор.. Учениците сметатт дека не се доволно вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.<br>Вклученост:<br>35% од учениците целосно и 40% се согласуваат дека се вклучуваат во воннаставни активности по свој избор.23% од родителите целосно и 42% се согласуваат дека нивното дете е вклучено според сопствен интерес, но 19% не се согласуваат<br>Планирање:<br>Само 21% од наставниците целосно се согласуваат дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците, додека 64% се согласуваат и 14% не се согласуваат.28% од учениците целосно и 45% се согласуваат дека се вклучени во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности, но 15% не се согласуваат и 8% немаат информација. |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.<br>38% од учениците целосно и 40% се согласуваат дека наставниците ги поддржуваат за учество на натпревари. Слично, 38% целосно и 44% се согласуваат за поддршка во проекти. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Најголем дел од наставниците 85% се согласуваат дека добиваат навремена обука, само мал дел 14 % не се согласуваат.Голем број од испитаниците наставници (82%) сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Мал број од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.

Поголем број од испитаниците (97%) сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Најголем дел од родителите 90% се согласуваат дека нивното дете ги има сите часови.Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците

Најголем дел од наставниците (64%) ги приспособуваат задачите на индивидуалните образовни потреби на учениците.. Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека  користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители. 71% од наставниците целосно и 29% се согласуваат дека користат различни ресурси. Голем дел од наставниците 75% целосно се согласуваат дека користат истражувачки приоди и исто така 89% од нив  целосно се согласуваат дека се однесуваат со почитување.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.

| |
|---|
| Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план<br>Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Само 35% од родителите не се согласуваат дека училиштето е безбедна средина. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот.<br>Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето<br>Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања.<br>Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.<br>Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, но со оглед на резултатите не се доволно јасни и презентирани пред учениците<br>Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.<br>Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер |
| **Силни страни**<br>Најголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците<br>Сите наставници користат различни ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература.<br>Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците<br>Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.<br>Најголем дел од наставниците целосно ги пофалуваат учениците и за резултатите и им даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.<br>Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br>Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат дека им даваат насоки на учениците за поуспешно учење и им кажуваат што добро научиле.<br>Сите наставниците се однесуваат со почитување кон учениците.<br>Наставниците во најголем број, целосно се согласуваат дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања. |

| |
|---|
| Голем дел од наставниците целосно соработуваат успешно со образовните асистенти.<br>Поголем дел  од учениците целосно се согласуваат дека наставниците користат различни начини за проверка на знаењата.<br>Голем дел од родителите се согласуваат дека редовно се известени за постигнувањата на детето.<br>Голем дел  од родителите ги користат можностите да разговараат со наставниците<br>Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br>Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. |
| **Слаби страни**<br>Мал број од наставниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.<br>Мал број  од наставниците не се согласуваат дека добиваат навремена обука за современи методи.<br>Мал број од наставниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Мал број од учениците сметаат дека добиваат јасни насоки од страна на наставниците во поглед на тоа што треба да учат за секоја оценка и притоа не се согласуваат дека секогаш оценувањетоа е праведно.<br>Мал број од учениците се изјасниле дека на часовите слободно можат да се изјаснуваат.<br>Мал број од учениците сметаат дека се активно вклучени во наставата при поставување на прашања, работа во групи или дискусија<br>Мал број од наставниците сметаат дека планот за воннаставни активности кои ги водат, го изготвуваат заедно со учениците.<br>Мал број од учениците и родителите сметаат дека во училиштето има доволен избор на воннаставни активности и дека слободно по сопствен избор можат да се вклучат во истите. Исто така сметаат дека не се доволно вклучени во изготвувањето на планирањето на воннаставните активности.<br>Мал број од родителите сметаат дека учениците се дел од активности кои се реализирани до ученици на друг наставен јазик.<br>Мал број од учениците биле вклучени  во активности заедно со ученици од други култури.<br>Мал број од родителите сметаат дека учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет. |
| **Приоритети**<br>Во делот со воннаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.<br>Надминување на слабостите во делот на оценувањето, поцелосно  запознавањена учениците  со стандардите за оценување.<br>Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик<br>Засилување на соработката на ППС со наставниот кадар во поглед на изготвуањето на наставните планови и програми |

## ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ (28 одговори)

### 1. Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

Од вкупно 28 анкетирани наставници, 13 (46%) целосно се согласуваат дека добиваат навремена обука за современи методи на планирање, додека 11 (39%) се согласуваат. Со тоа, 85% од наставниците изразуваат позитивен став кон овој аспект. Сепак, 4 наставника (14%) не се согласуваат, што укажува на потреба од дополнително внимание кон оваа група, со цел да се обезбеди еднаков пристап до професионален развој за сите.




### 2. Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.

Резултатите покажуваат целосна согласност меѓу наставниците: 16 (57%) целосно се согласуваат, а 12 (43%) се согласуваат дека директорот и стручната служба редовно ги следат нивните планирања. Ниту еден наставник не изразил несогласување. Ова е показател за добро функционирање на инструктивното лидерство и педагошкиот надзор во училиштето.



**3. Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети.**

Поголемиот дел од наставниците (82%) сметаат дека добиваат поддршка од раководството при планирањето, од кои 12 (43%) целосно се согласуваат и 11 (39%) се согласуваат. Меѓутоа, 5 наставници (18%) не се согласуваат, што претставува едно од повисоките нивоа на несогласување во овој прашалник.




**4. Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието.**

Високи 97% од наставниците потврдуваат дека во рамки на стручните активи редовно разменуваат искуства за планирање на часовите (17 целосно се согласуваат, 10 се согласуваат). Само 1 наставник (4%) не се согласува. Ова покажува дека колаборативната практика меѓу наставниците е добро етаблирана.



**5. Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците.**

Податоците покажуваат дека 96% од наставниците ги приспособуваат задачите на индивидуалните потреби на учениците (18 целосно, 9 согласни). Овој податок говори за висока свесност на наставниците за диференцираната настава.




**6. Во наставата користам различни ресурси за учење и настава.**

Сите 28 наставници (100%) се согласуваат дека користат различни ресурси во наставата, од кои 71% целосно. Овој резултат укажува на силна посветеност на наставниците кон користење диверзификувани наставни материјали.



**7. Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми.**

Сите анкетирани наставници (100%) потврдуваат дека користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, при што 75% целосно се согласуваат. Ова е едно од најсилните полиња во анкетата и покажува дека наставниците се ориентирани кон современи педагошки пристап.




**8. Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.**

Ова е едно од највисоко оценетите прашања: 86% целосно се согласуваат, а 14% се согласуваат, што значи 100% позитивен одговор. Наставниците покажуваат силна посветеност кон поттикнување на критичкото мислење и љубопитноста кај учениците.



**9. На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив.**

Сите 28 наставници (100%) потврдуваат дека на нивните часови учениците редовно работат интерактивно (64% целосно, 36% согласни). Ова говори за кооперативно учење како етаблирана практика во училиштето.




**10. Кон учениците се однесувам со почитување.**

Овој показател е меѓу најсилните: 89% целосно се согласуваат и 11% се согласуваат дека се однесуваат со почитување кон учениците. Ова е основа за позитивна училишна клима и покажува високо ниво на професионализам.



**11. Ги разбирам проблемите и потребите на учениците.**

Високи 82% од наставниците целосно се согласуваат, а 18% се согласуваат дека ги разбираат проблемите и потребите на учениците (100% позитивно). Ова укажува на емпатичен пристап во работата со учениците.




**12. Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор.**

Поголемиот дел од наставниците (96%) сметаат дека на учениците им нудат избор на дополнителни активности, при што 50% целосно се согласуваат и 46% се согласуваат.



### 13. Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците согласно претходно направен план.

Сите наставници (100%) потврдуваат дека реализираат интеркултурни активности согласно план (54% целосно, 46% согласни). Ова е позитивно од аспект на мултикултурноста




### 14. Успешно соработувам со образовните асистенти.

Соработката со образовните асистенти е оценета многу позитивно: 82% целосно се согласуваат и 14% се согласуваат. Само 1 наставник (4%) изразил несогласување, што може да укажува на изолиран предизвик во комуникацијата или координацијата.



**15. Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати.**

Наставниците покажуваат силна практика на позитивно поткрепување: 89% целосно се согласуваат и 11% се согласуваат дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати. Пофалбата како мотивациско средство е широко присутна во практиката на наставниците.




**16. Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд.**

Идентично како и претходното прашање, 89% целосно се согласуваат и 11% се согласуваат. Наставниците подеднакво го вреднуваат и вложениот труд, не само резултатите, што е важно за развивање на мотивацијата и истрајноста кај учениците.



**17. На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.**

Формативното оценување е силно присутно: 86% целосно и 14% согласни, без ниту едно несогласување. Наставниците потврдуваат дека редовно им даваат повратна информација на учениците за нивниот напредок и областите за подобрување.




**18. Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките.**

Високи 79% целосно и 21% согласни (100% позитивно). Наставниците потврдуваат дека ги запознаваат учениците со критериумите за оценување.



**19. На учениците им давам насоки како поуспешно да учат.**

Вкупно 100% од наставниците потврдуваат дека им даваат насоки на учениците за поуспешно учење (86% целосно, 14% согласни). Овој резултат покажува дека метакогнитивниот пристап кон учењето е интегриран во наставната практика.




**20. Применувам различни начини на оценување на учениците.**

Податоците покажуваат дека 96% од наставниците применуваат диверзификувани методи на оценување (86% целосно, 11% согласни). Само 1 наставник (4%) не се согласува. Ова кореспондира со позитивната перцепција на учениците кои го потврдуваат истото.



**21. Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).**

Поголемиот дел од наставниците (96%) потврдуваат дека учениците ги вклучуваат во процесот на оценување (64% целосно, 32% согласни). Ова е позитивно и покажува примена на современи практики на вклучување на учениците во оценувањето, иако постои простор за понатамошно продлабочување.




**22. Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците.**

Ова прашање покажува најнизок процент на целосно согласни во целата анкета: само 21% целосно се согласуваат, додека 64% се согласуваат и 14% не се согласуваат. Ова е област за подобрување – поголемо вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности би го зголемило нивното чувство на припадност и одговорност.



## ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ (349 одговори)

### 1. Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот.

Од 349 анкетирани родители, 178 (51%) целосно се согласуваат и 137 (39%) се согласуваат дека нивното дете ги има сите часови согласно распоредот. Вкупно 90% позитивно




### 2. Запознаен/а сум со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности.

Околу 86% од родителите се запознаени со листата на изборни предмети (42% целосно, 44% согласни). Околу 11% не се согласуваат или немаат информација. Потребно е да се подобри комуникацијата со оние родители кои не се доволно информирани.



### 3. Изборните предмети/активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси.

Околу 72% од родителите сметаат дека детето само ги избрало изборните предмети (35% целосно, 37% согласни). Меѓутоа, 22% не се согласуваат, а 6% немаат информација. Ова покажува дека постои простор за подобрување на процесот на избор на изборни предмети.




### 4. Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете.

Ова е едно од покритичните прашања во анкетата на родителите. Само 28% целосно се согласуваат, 38% се согласуваат, додека 28% не се согласуваат. Ова контрастира со перцепцијата на наставниците (96% позитивно), што укажува на јаз меѓу намерата и видливиот ефект на диференцираната настава.



**5. Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите.**

Вкупно 81% од родителите сметаат дека нивното дете слободно може да се изрази на часовите (37% целосно, 44% согласни). Околу 14% изразиле несогласување и 5% немаат информација.




**6. На моето дете повеќето часови му се интересни.**

Околу 80% од родителите потврдуваат дека на нивното дете повеќето часови му се интересни (32% целосно, 48% согласни). Околу 18% не се согласуваат, што укажува на потреба од поголемо динамизирање на наставата.



**7. Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици.**

Ова прашање покажува најмногу поделени мислења: 19% целосно, 33% согласни, 28% несогласни, а цели 21% немаат информација.




**8. Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете.**

Само 18% целосно се согласуваат и 46% се согласуваат дека училиштето е безбедна средина. Загрижувачко е што 35% не се согласуваат (23% несогласни, 12% целосно несогласни).



**9. Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете.**

Околу 72% од родителите сметаат дека училиштето е мотивирачка средина (21% целосно, 51% согласни). Меѓутоа, 26% не се согласуваат (17% несогласни, 9% целосно несогласни). Потребно е да се испитаат факторите кои влијаат на мотивацијата.




**10. Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели).**

Околу 60% од родителите сметаат дека детето има пристап до различни материјали (20% целосно, 40% согласни). Цели 26% не се согласуваат и 13% немаат информација




.

**11. Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати.**

Вкупно 85% од родителите сметаат дека наставниците го пофалуваат детето за постигнатите резултати (33% целосно, 52% согласни). Позитивно, но пониско од перцепцијата на наставниците (89%).




**12. Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд.**

Слично како претходното, 83% од родителите се согласуваат (31% целосно, 52% согласни). Околу 14% не се согласуваат..



**13. Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи.**

Вкупно 74% од родителите се согласуваат (27% целосно, 47% согласни), додека 22% не се согласуваат..




**14. Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година).**

Високи 91% од родителите потврдуваат дека редовно се известени за постигнувањата (47% целосно, 44% согласни). Ова е едно од најсилните полиња во анкетата на родителите.



**15. Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете.**

Високи 93% од родителите ги користат можностите за разговор со наставниците (41% целосно, 52% согласни). Ова покажува активна вклученост на родителите во образовниот процес.




**16. Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет.**

Околу 70% се согласуваат (26% целосно, 44% согласни), но 25% не се согласуваат и 6% немаат информација. Ова покажува дека еден мал дел од родителите не се доволно информирани за критериумите за оценување.



**17. Училиштето нуди избор на различни вonnаставни активности (клубови, проекти и сл.).**

Околу 64% се согласуваат (21% целосно, 43% согласни), но 18% не се согласуваат и цели 18% немаат информација.




**18. Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес.**

Околу 65% се согласуваат (23% целосно, 42% согласни), додека 25% не се согласуваат и 10% немаат информација.



## ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ (181 одговор)

**1. На часовите имам можност да учам на различни начини (преку проекти, игра, истражување и сл.).**

Од 181 анкетирани ученици, 91% се согласуваат дека имаат можност да учат на различни начини (45% целосно, 46% согласни). Ова е позитивен показател за диверзификација на наставните методи.




**2. Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси.**

Околу 68% од учениците потврдуваат дека сами ги избрале изборните предмети (35% целосно, 33% согласни).



**3. На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели).**

Околу 77% се согласуваат (28% целосно, 49% согласни), но 21% не се согласуваат. Ова контрастира со 100% кај наставниците, што сугерира дека учениците не ги перципираат ресурсите како доволно разновидни.




**4. Наставниците ја прават содржината од предметите интересна.**

Околу 72% се согласуваат (25% целосно, 47% согласни), но 27% не се согласуваат. Ова е област за подобрување ..



**5. На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи).**

Околу 71% се согласуваат (25% целосно, 46% согласни), но 27% не се согласуваат.




**6. Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари.**

Околу 78% се согласуваат (38% целосно, 40% согласни), додека 19% не се согласуваат. Позитивно, но постои простор за поголемо мотивирање на сите ученици.



**7. Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти.**

Околу 82% се согласуваат (38% целосно, 44% согласни), додека 16% не се согласуваат. Учениците во поголем дел ја чувствуваат поддршката за учество во проекти.




**8. Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена.**

Околу 75% се согласуваат (29% целосно, 46% согласни), но 22% не се согласуваат.



**9. Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оценка.**

Околу 78% се согласуваат (35% целосно, 43% согласни), додека 21% не се согласуваат. Повеќето ученици добиваат образложение за оценките, но постои простор за подобрување.




**10. Оценувањето на сите ученици е праведно.**

Ова е најкритичното прашање: само 60% се согласуваат (27% целосно, 33% согласни), додека 35% не се согласуваат (25% несогласни, 10% целосно несогласни).



**11. Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.**

Околу 78% се согласуваат (28% целосно, 50% согласни), но 19% не се согласуваат. Повратната информација е присутна.




**12. Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.).**

Високи 94% се согласуваат (59% целосно, 35% согласни). Ова е едно од најсилните полиња во анкетата на учениците и кореспондира со перцепцијата на наставниците.



**13. Наставниците ме пофалуваат за мојот труд.**

Околу 83% се согласуваат (40% целосно, 43% согласни), додека 15% не се согласуваат.




**14. Наставниците ме пофалуваат за моите резултати.**

Околу 86% се согласуваат (36% целосно, 50% согласни). Позитивно е дека во поголем дел учениците се чувствуваат пофалени за своите резултати.



**15. Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците.**

Околу 81% се согласуваат (40% целосно, 41% согласни), додека 16% не се согласуваат. Повеќето ученици се чувствуваат слободни да прашаат, но не сите.




**16. На часовите можам слободно да кажам што мислам.**

Околу 72% се согласуваат (31% целосно, 41% согласни), додека 24% не се согласуваат. Ова покажува дека постои простор за подобрување на климата на отвореност и слободно изразување на мислење.



**17. Во училиштето имам избор на различни вонnаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции).**

Околу 74% се согласуваат (31% целосно, 43% согласни), додека 21% не се согласуваат и 5% немаат информација. Понудата на вонnаставни активности може да се прошири.




**18. Се вклучувам во вонnаставните активности по мој избор.**

Околу 75% се согласуваат (35% целосно, 40% согласни), додека 18% не се согласуваат и 7% немаат информација. Повеќето ученици имаат избор, но постои простор за подобрување.



**19. Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на вонnаставните активности.**

Околу 73% се согласуваат (28% целосно, 45% согласни), додека 19% не се согласуваат и 8% немаат информација. Вклучувањето на учениците во планирањето може да се подобри.




**20. Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште).**

Училиштето обезбедува поддршка за ученици од социјално-загрозени семејства преку обезбедување учебници, материјали и олеснувања за учество во активности. Во соработка со локалната заедница и организации се обезбедува дополнителна помош. Стручната служба и наставниците даваат индивидуална поддршка на учениците.

Овие мерки придонесуваат за нивна подобра вклученост, мотивација и еднаков пристап до образованието.

**3.11. Како училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава?**

Училиштето обезбедува реализација на настава за ученици кои подолго отсуствуваат поради здравствени причини преку индивидуална настава, доставување материјали, онлајн поддршка и консултации со наставниците. Се изработува индивидуален план за надоместување на пропуштеното градиво во соработка со родителите и стручната служба.

Овие мерки овозможуваат континуитет во учењето и полесна реинтеграција на учениците во редовната настава.

**3.12. Колку учениците се обраќаат до сручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл.? Дали училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење? Дајте пример.**

Учениците во одредена мера се обраќаат до стручната служба кога се соочуваат со проблеми или емоционални тешкотии, најчесто преку директни разговори или упатување од наставници.

Училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење преку работилници, дискусии и игри на улоги за развивање на емоционални и социјални вештини. Овие активности придонесуваат учениците подобро да ги разбираат и управуваат своите емоции и полесно да решаваат конфликти.

Пример: Учениците учествуваат во работилница каде преку разговор, слики и кратки ситуации ги препознаваат основните емоции (радост, тага, лутина, страв). Потоа секој ученик опишува ситуација кога ја почувствувал таа емоција и како реагирал.

Во следниот дел се работи во групи со „игра на улоги“, каде учениците симулираат конфликтна ситуација (на пр. недоразбирање на одмор) и заеднички бараат мирно решение.

На крај се дискутира за тоа како да се препознаат сопствените емоции и како да се почитуваат емоциите на другите.

**3.13. Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?**

Училиштето организира поддршка за учениците и родителите во изборот на понатамошно образование преку работа на стручната служба, информативни часови, тестирања, презентации од средни училишта и индивидуални консултации. Родителите се вклучуваат преку средби и советувања.

Се спроведуваат анкети со учениците од осмо и деветто одделение  и се реализираат работилници за професионална ориентација на учениците на крајот на месец април и мај.

Овој процес овозможува учениците да донесат информирани одлуки согласно нивните интереси и способности.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Св. Климент Охридски Битола** **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
| --- | --- | --- |
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор;<br><br>деловник за работа на училишниот одбор;<br><br>статут на училиштето; записници, одлуки и<br><br>извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); | Управување со училиштето | Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно- образовен процес.<br><br>Членови на УО се со легитимен мандат и имаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител.<br><br>Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. **Голем број** |

| | | |
|---|---|---|
| развојна програма на училиштето;<br><br>програма за работа<br><br>на директорот;<br><br>програми за професионален развој;<br><br>докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br><br>интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор;<br><br>распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во<br><br>училиштето;<br><br>докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи<br><br>(активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на | | **од родителите (54%) и (27%) од наставниците не знаат/ немаат информација или не се согласуваат за тоа како се троши буџетот на училиштето.**<br><br>Соработката на Училишниот одбор со родителите, Директорот и локалната самоуправа е на високо ниво.<br><br>Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.<br><br>**Најголем број од наставниците (88%) се согласуваат дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, уче**<br><br>**ниците и родителите при донесувањето одлуки.**<br><br>Училишниот одбор во интерес на спроведување на развојната програма на училиштето континуирано ја следи и работата на раководниот орган и вработените, поддржува и следи професионален развој на наставниците, ги следи резултатите и напредокот на учениците, нивното здравје и детски права, поддржува осовремување и подобрување на работните услови, како и континуирано интезивира соработка со телата на училиштето и општествената заедница.<br><br>**Поголем број од родителите(77%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки и (79%) се согласуваат дека се информирани  од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период.** |
| | Раководење со училиштето | Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. **Најголем број од учениците(79%)** |

| | | |
|---|---|---|
| училишната библиотека/медиатека. | | **се изјаснија дека се информирани кои активности ги планира училиштето за следниот период.**<br><br>Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. **Најголем дел од наставниците (93%) се изјаснија дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање.**<br><br>Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.<br><br>1. Проекти во соработка со МОН, БРО, УСАИД, МЦГО<br><br>- Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби;<br><br>- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците<br><br>- Еко пакет<br><br>- Меѓуетничка интеграција на младите во образовниот систем<br><br>2. Интерни проекти во соработка со нво, здруженија на граѓани, локална и деловна заедница, владини организации<br><br>- Професионално и кариерно насочување на учениците<br><br>- „Стоп Агресија и Анкциознист –Спорт Терапија за Деца и Младинци“<br><br>- Е- библиотека<br><br>- Фонд за иновации и технолошки развој<br><br>- Министерство за образование и наука<br><br>3. Меѓународни проекти: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - KA210- Robotics yesterday, today, tomorrow- Роботиката вчера денес и утре<br>- Scientix<br>- Etwining<br>Реализацијата на проекти со НВО, здруженија на граѓани како и со локалната и деловната зедница се тековни и иститe се засноваат врз основа на потпишани меорандуми за соработка со училиштето. Реализатори на овие проекти се посебни тимови за соработка со локалната, деловната заедница, невладиниот сектор и здруженија на граѓани. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Воспитно-образовната дејност училиштето ООУ „Св. Климент Охридски" - Битола ја реализира во една модерна училишна зграда од тврда градба во Битола, со вкупна површина од 20949 м2, изградена во 1989 година. Училишната зграда има приземје и спрат, и подрумски простории, и има 6 влеза во училиштето. Училишниот простор целосно ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени.<br>Во состав на училиштето е и подрачно училиште во с. Лавци, но истото не се користи односно, за учениците е организиран превоз до Битола.<br>Одделенска настава се реализира на призмениот спрат во училници, а предметна настава се реализира на спратот. Наставата се реализира во 28 училници, 1 лабораторија и 13 кабинети. Кабинетите ги задоволуваат стандардите за изведување на кабинетска настава (чешми, нагледни средства, инвентар, помошна просторија и сл.). Во зградата има и 1 наставничка канцеларија, 4 канцеларии за админстративната и педагошката служба, и повеќе мали простории по одделенија. Има 2 библиотеки (за одделенска и за предметна настава) и 2 медијатеки опремени со техники помагала.<br>Санитарните јазли кои ги користат вработените и учениците се добри. Училишниот двор е голем, со површина од 15840 м2 вкупна површина, хортикултурно е уреден, има 2 летни училници и стаклена градина. Дворот е целосно ограден. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во состав на училиштето има голема спортска сала за учениците од предметна настава, која е модерно опремена, со површина од 900 м2 и истата многу добро ги задоволува стандардите за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование. Истотака, има мала спортска сала за учениците од одделенска настава со површина од 83 м2 и истата ги задоволува стандардите за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование со помалите ученици. Во задниот дел се наогаат 2 спортски терени (кошарка, ракомет и фудбал) со површина од 1487 м2.<br><br>Во училиштето се наоѓаат и две училници во кои е сместен дневниот престој на учениците. Истите, се добро опремени со потребните средства и технички помагала за реализација на активностите со ученици од дневен престој. Во непосредна близина на дневниот престој е трпезаријата, каде учениците по желба, се хранат, односно си купуваат храна. Трпезаријата и големиот хол во училиштето се користат за училишни прослави и приредби.<br><br>Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.<br><br>Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради континуирана набавка, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето.<br><br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна набавка на: компјутери, смарт-табли, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, принтери, спортски реквизити, макети, модели, Историски карти, Музички инструменти, фонотека, списанија, лектири, енциклопедии, образовни софтвери за нормално функционирање на воспитно-образовниот процес и др. Учењето и наставата се збогатени преку користењето на добар обем на ИКТ опрема во училиштето. Компјутери за учениците има само во кабинтетот по информатика и во кабинтетот по техничко образование. Во училиштето бројот на компјутери во кабинет по информатика ги задоволува |

| | | |
|---|---|---|
| | | потребите за непречено одвивање на наставата по информатика. Во секоја училиница има по 1 десктоп компјутер.<br><br>Во моментот училиштето располага со 16 лаптопи за наставниците, 13 смарт табли, 24 таблети, 3 телевизори, 12 видео-бима, 24 бели табли, 4 печатачи, дигитални камери, и др.<br><br>Во просторијата на училишниот дефектолог има голем број на асистивна технологија и одлична опрема за поддршка на ученици со оштетен вид. За учениците со посебни потреби има: 1 монитор на допир, 8 тастатури од кои 5 се со кирилично писмо и 3 со латинично писмо, 2 - тракбол и Џојстик, 2 одвоени кликови, 2 едукативни софтвери, игровни средства, стручна литература и др. За учениците со оштетен вид се користат следниве уреди: 1 компјутер, 1 принтер за рапаво печатење. А сите учебници за одделенска и предметна настава се преведени на Браева азбука.<br><br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. **Најголем дел од наставниците (78%) се изјасниле дека училиштето навремено им го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.**<br><br>Библиотеката во ООУ „Св. Климент Охридски“ — Битола во организационата поставеност се состои од библиотека во предметна настава и библиотека во одделенска настава, сместени во самото училиште и претставуваат библиотечен - информативен центар кој постојано собира, стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал на учениците и наставниот кадар.<br><br>Библиотеката нуди можност за максимално користење на книжните фондови со кои располага, пристап до информаци, а со тоа и подобруваење на културниот и социјалниот живот на учениците и наставниот кадар. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Книгите се позајмуваат во рок од 15 дена и може да позајми секој кој што работи или посетува настава при ООУ „Св. Климент Охридски“ - Битола. Овој рок може да се продолжи по барање на наставникот или ученикот. **Најголем дел од учениците (88%) се изјасниле дека можат да земат книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време.**<br><br>Корисниците на списанија се пријавуваат во библиотеката, од каде добиваат и уплатници за истите. |

| Реден број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1 | Одделенска настава /лектири | 3748 |
| 2 | Предметна настава/лектири | 4163 |
| 3 | Останата литература: Домашни автори, светска литература ,поезија, проза | 5027 |
| 4 | Стручна литература за наставници, прирачници... | 1329 |
| 5 | Книги на странски јазици, списанија, Национална географија... | 785 |
| Вкупно: | | 15052 |

Библиотеката врши дистрибуција и складирање на учебници, кои се дадени во посебни извештаи за прием, евиденција и расходување на учебници. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Библиотечниот фонд се води електронски и во целост ги задоволува потребите на училиштето. Библиотеката има пристап до интернет.

| | | |
|---|---|---|
| | | **Најголем број од родителите (84%) се согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици. Но, голем дел од учениците (43%) се изјаснија дека не знаат/ немаат информација или не се согласуваат за тоа дека библиотеката/медијатеката е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера.** |
| | Раководење со кадарот | Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно - образовен кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Наставниот процес го реализираат вкупно 78 наставници од кои 5 се магистри и 2 доктори на науки. Нема несоодветни наставници по ниту еден предмет. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар како замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставен кадар.<br><br>Наставниот кадар е восогласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Работата е потпомогната, надополнета и олеснета со 12 образовни асистенти, педагог, психолог и специјален едукатор и рахабилитатор (дефектолог). Во училиштето има еден наставник со звање наставник ментор.<br><br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br><br>**Голем дел од родителите (70%) сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен и (67%) се согласуваат дека училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различните активности во училиштето.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.<br><br>Во училиштето добро се води сметка за финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари. Во Програмата за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. **Најголем дел од наставниците (84%) сметаат дека во училиштето ги поттикнуваат стручно да се усовршуваат и (91%) се изјаснија дека учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби.**<br><br>Стручните активи на училиштето редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл.<br><br>Наставниците од одделенска настава и шесто и седмо одделение предметне настава ја имаат следено обуката за Новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.<br><br>Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот, психолог и специјалниот едукатор рехабилитатор (во одделенија каде има ученици со посебни потреби), увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи.<br><br>Постои соработка со наставници од други основни училишта, факултети и невладини здруженија во општината и пошироко.<br><br>**Најголемиот дел од наставниците (88%) се изјаснија дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. **Најголем дел од наставниците (97%) се изјаснија дека директорот и стручните соработници следат најмалку два нивни наставни часови во текот на едно полугодие како и дека за своите следени наставни часови добиваат конструктивна повратна информација.** |

**Најголем број од наставниците (88%) се согласуваат дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.**

**Поголем број од родителите(77%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки и (79%) се согласуваат дека се информирани  од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период.**

**Голем број од родителите (54%) и (27%) од наставниците не знаат/ немаат информација или не се согласуваат за тоа како се троши буџетот на училиштето.**

**Најголем број од учениците(79%) се изјаснија дека се информирани кои активности ги планира училиштето за следниот период.**

**Најголем дел од наставниците (93%) се изјаснија дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање.**

**Најголем дел од наставниците (78%)  се изјасниле дека училиштето навремено им го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.**

**Најголем број од родителите (84%) се согласуваат дека  училишната библиотека е достапна за сите ученици. Но, голем дел од учениците  (43%) се изјаснија дека не знаат/ немаат информација или не се согласуваат за тоа дека библиотеката/медијатеката е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера.**

**Голем дел од родителите (70%) сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен и  (67%)  се согласуваат дека училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различните активности во училиштето.**

**Најголем дел од наставниците  (84%) сметаат дека во училиштето ги поттикнуваат стручно да се усовршуваат и  (91%) се изјаснија дека  учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби.**

**Најголемиот дел од наставниците  (88%) се изјаснија дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.**

**Најголем дел од наставниците (97%) се изјаснија дека директорот и стручните соработници следат најмалку два нивни наставни часови во текот на едно полугодие како и дека за своите следени наставни часови добиваат конструктивна повратна информација.**

| Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето;<br>годишна програма за работа на училиштето;<br>извештај од самоевалуација; план за следење и<br>евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите,<br>учениците;<br>записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти;<br>програма за работа и извештаи<br>за работата на училишниот одбор;<br>деловник за работа на училишниот одбор;<br>план за професионален развој;<br>буџет и финансиски план<br>на училиштето. | Процедури за креирање на училишната политика | Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за:<br>- меѓуетничка интеграција,<br>- намалување на насилството во училиштата,<br>- намалување на семејното насилство,<br>- недискриминација,<br>- еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,<br>- еколошко образование<br>- грижа за здравјето и исхраната на учениците<br>- безбеден пристап до интернет<br>- безбедно користење на фотографиите на учениците<br>- однесувањето и дисциплината на учениците<br>- евакуирање во случај на опасност<br>- следење и оценување на учениците<br>- промовирање на постигањата на учениците<br>- Подобрување на успехот на учениците во наставата<br>- грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>- реализирање на хуманитарни акции<br>- градење на соработка со заедницата (медиуми, институции, соседи, други училишта, невладини организации...)<br>- Да се подобрат материјално- техничките услови за работа во училиштето<br>- Хортикултурно уредување на дворот<br>- Доопремување на кабинетите и училниците со нагледни средства,<br>- Технички помагала, набавка на потрошен материјал<br>- Збогатување на книжниот фонд на библиотеката со нови лектирни изданија и стручна литература |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Промени и унапредување на работата на стручните активи<br>- Едукација на наставниот кадар за спроведување на проектите во наставата<br>- Спроведување на училишни дисеминации<br>- Вклучување на учениците при изработка на планирањата за вонnаставните активности<br>- Вклучување на родители во работата на тимовите и комисиите во училиштето<br>- Обуки за техничкиот персонал<br><br>Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.<br>Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини) |
| | Резултати од развојно планирање | Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето<br>Во Програмата за развој на училиштето целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници и наставни помагала), за сите ученици. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.<br>Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор.<br>Училиштето покрај буџетската и сопствената сметка има уште 6 сметки. Приходи на сопствената сметка се остваруваат од издавање под закуп на училишните спортски |

| | | |
|---|---|---|
| | | сали, трпезаријата, од кафемати и апарати за кондиторски производи во холот, коешто се регулирано согласно закон. Училиштето остварува средства и од донации од јавни претпријатија, Фондот за иновации, проектите на Еразмус и сл.<br>Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот. Во врска со јавните набавки во училиштето има училишна комисија за јавни набавки од мала вредност. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. Јавни набавки со поголема вредност на училиштето се реализираат преку општина Битола.<br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (53%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на

наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

| |
|---|
| Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.<br><br>Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.<br><br>Наставниците се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање.<br><br>Училиштето навремено им го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.<br><br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br><br>Училиштето го поттикнува наставниот кадар стручно да се усовршува и да учествува во интерни и екстерни обуки согласно нивните потреби. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен. Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.<br><br>Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. |
| **Слаби страни**<br><br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.<br><br>Училишната библиотека е достапна за сите ученици, но, голем дел од учениците се изјасниле за тоа дека библиотеката/медијатеката не е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера. |
| **Приоритети**<br>Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.<br><br>Искористување на други простории (празни училници) како дополнителна читална,<br><br>Просторно преуредување со цел подобрување на атмосферата, табла со препораки за книги, воведување ,,тивки часови “, додавање неколку ламби, удобни столчиња или перници... |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

**4.1. Соработка помеѓу директорот и Училишниот одбор**

Соработката е редовна и конструктивна. Се реализира преку состаноци, заедничко разгледување и донесување одлуки за развојни и финансиски прашања, со цел унапредување на работата на училиштето и транспарентно управување.

**4.2. Градење политики, планирање и обезбедување квалитет**

Процесот е инклузивен и се реализира преку тимско планирање и донесување одлуки.

**a. Учество:** Во развојното планирање учествуваат наставници, стручна служба, директор, родители, ученици и претставници од локалната заедница.
**b. Соработка:** Чинителите соработуваат преку состаноци, анкети и заеднички активности, со цел усогласување на приоритетите и подобрување на квалитетот.

**4.3. Користење на ресурси**

Ресурсите се користат релативно ефикасно, иако постојат одредени ограничувања во просторните и материјалните услови. Предизвиците се надминуваат преку подобро планирање, рационално користење и постепено подобрување на условите.

**4.4. Потрошен материјал за настава и воннаставни активности**

Планирањето и обезбедувањето на материјали се реализира комбинирано – дел преку училиштето, дел со поддршка од родители и проекти. Предизвиците најчесто се поврзани со финансиски ограничувања и се надминуваат преку заедничка соработка и рационално користење на ресурси.

**4.5. Обезбедување наставен кадар и стручни соработници**

Предизвиците се однесуваат на недостиг на кадар во одредени профили и замени при отсуства. Тие се надминуваат преку навремено планирање, прераспределба на часови и соработка со надлежните институции.

**4.6. Професионален развој и кариерно напредување**

Професионалниот развој се реализира преку обуки, семинари, работилници и интерни активности. Кариерното напредување се спроведува согласно законските прописи, преку оценување, стекнување звања и исполнување на професионални стандарди.

**4.7. Пофалување и наградување на наставниците**

Училиштето применува механизми за пофалување преку јавно признавање, благодарници, истакнување на успешни практики и поддршка за учество на обуки и проекти.

**4.8. Следење на квалитетот на наставата**

**a. Кој следи:** Директорот, стручната служба.
**b. Честота:** Периодично и континуирано, преку посети на часови и анализа на документација.
**c. Повратна информација:** Се дава преку индивидуални разговори, состаноци и писмени препораки.
**d. Усогласување:** Препораките се користат за подобрување и усогласување на планирањата и наставата.

**4.9. Споделување информации со засегнатите страни**

**a. Развојна програма:** Информациите се споделуваат преку состаноци, родителски средби, ученички заедници и официјални документи.
**b. Буџет:** Користењето на буџетот се презентира преку Училишниот одбор и извештаи, со цел транспарентност и информирање на сите засегнати страни.

Анкета за родители/старатели (анкетирани се 403 родители)
Подрачје 4:

| | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | 92 (23%) | 176 (44%) | 66 (16%) | 17 (1%) | 52(13%) |
| Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | 172(43%) | 146 (36%) | 41 (10%) | 21 (5%) | 23(6%) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | 135 (33%) | 179 (44%) | 44 (11%) | 16 (4%) | 29(7%) |
| Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 180 (45%) | 158(39%) | 16(4%) | 9(%) | 40(10%) |
| Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 98(24%) | 185(46%) | 79(29%) | 26(6%) | 15(4%) |
| Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 49 (12%) | 107(27%) | 81(20%) | 43(11%) | 123(31%) |

Анкета за наставници (анкетирани се 33 наставници)

Подрачје 4:

| | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање | 15(39%) | 16(48%) | 1(4%) | 0 (0%) | 1 (0%) |
| Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки | 17 (52%) | 12 (36%) | 4 (12%) | 0 (0%) | 0 (0%) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности | 10 (30%) | 16 (48%) | 6 (18%) | 1(2%) | 0 (0%) |
| Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 11 (33%) | 19 (58%) | 2(6%) | 0 (0%) | 1 (2%) |
| Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | 13 (39%) | 19 (58%) | 0(0%) | 1 (2%) | 0 (0%) |
| За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | 19(58%) | 13(39%) | 1 (2%) | 0 (0%) | 0 (0%) |
| Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам | 16 (48%) | 12 (36%) | 3 (9%) | 0 (0%) | 2 (6%) |
| Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | 11 (33%) | 18 (55%) | 3(9%) | 0 (0%) | 1 (2%) |
| Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 6 (18%) | 18 (55%) | 4 (12%) | 3 (9%) | 2(6%) |

Анкета за ученици (анкетирани се 216 ученици)

| | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. | 71 (33%) | 100(46%) | 17 (8%) | 5(%) | 23(11%) |
| Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време. | 116(54%)) | 73 (34%) | 12(11%) | 1 (1%) | 0(0%) |
| Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. | 42 (19%) | 81 (38%) | 37 (17%) | 21 (10%) | 35 (16%) |

| |
|---|
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба<br>Подрачје 4: |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи<br>Подрачје 4: / |
| Наоди од набљудување часови<br>Подрачје 4: / |
| Наоди од други видови набљудувања<br>Подрачје 4: / |

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

**Виолета Стевановска – наставник ментор**
**Снежана Захариева – предметен наставник**
**Даниела Петковска – одделенски наставник**
**Анета Николовска – стручен соработник**
**Александра Максимовска – претставник од Советот на родители**

**Прв тим: Планирање, настава и учење**

1. Анета Николовска – координатор
2. Сузана Дишковска
3. Елица Митревска
4. Даниела Ристова
5. Марија Атанасовска
6. Александар Јаневски

**Втор тим: Постигања на учениците**

1. Даниела Петковска – координатор
2. Елена Угарчева
3. Наташа Илиевска
4. Марија Гилевска
5. Весна Стојановска
6. Атанас Пеев

**Трет тим: Училишна клима и односи во училиштето**

1. Виолета Стевановска – координатор
2. Ирена Георгиевска
3. Пандора Алексова Запаренко
4. Катерина Трајковска
5. Никола Трајчевски
6. Дарко Аврамоски

**Четврт тим:Управување, раководење и креирање политики**

1. Снежана Захариева – координатор
2. Кети Јосифовска
3. Марина Кочовска
4. Христина Андоновска
5. Ивона Поповска
6. Андријана Шокларовска